Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи- пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) в.д Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје Објавува

ЈАВЕН ОГЛАС Бр.2/2026
за прием на помошно-технички лица на неопределено време

Се распишува Јавен оглас за засновање на работен однос на неопределено време за помошно-технички лица и тоа следниве работни места:

1. **КДР0402А02005 Чувар на објект во Одделение за обезбедување и ПП заштита, Сектор Експлоатација и одржување на капацитети (ЕОК) – 3 (три) извршители**

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- помошно-технички лица од второ ниво (А2), со најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование и
- за нивото А2 најмалку 1 години работно искуство
- лиценца за обезбедување

Паричен нето износ на плата 38.079,74 денари
Распоред на работно време:

- Работа во две смени: 1-ва смена од 07:00 до 19:00 часот и 2-ра смена од 19:00 до 07:00 часот наредниот ден или неделно работно време 40 работни часа

Потребни документи:
- Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието кој може да се подигне од Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје, или на веб страната на претпријатието: www.vodovod-skopje.com.mk
- Свидетелства од I до III година средно образование (во фотокопија) и Свидетелство за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар)
- Лиценца за обезбедување
- Уверение или Решение за државјанство (во фотокопија)
- Доказ за работно искуство
- Уверение за општа здравствена способност (лекарско уверение)
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност

Јавниот огласот трае 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавувањето во дневниот печат.

Доколку на јавниот оглас се пријават до 200 кандидати за едно работно место изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место

изборот се изврши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се изврши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Ненавремена, некомплетна и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување.

Пријавите со потребната документација, кандидатите се должни да ги достават до ЈП Водовод и канализација –Скопје на адреса ул.„Лазар Личеноски“ бр. 9 – Скопје.

Телефон за контакт 02/3073-010 локал 357, контакт лице: Горан Михајлов